08-1759/11
20-07-2026

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) на 35-та седница одржана на ден 16.07.2026 година донесе

ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 08-1759/1 од 16.04.2026 година, СЕ ЗАПИРА.

Предметот со број 08-1759/1 од 16.04.2026 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 08-1759/1 од 16.04.2026 година е оформен по пријава од непознат поднесител во која се дадени наводи за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК од страна на ____________________ за именување на функцијата в.д. директор на ЈЗУ Општа болница во ________________ и ____________________ за престанок на функцијата член на управен одбор на ЈОУГД„ ________________" во ___________.

Државната комисија изврши увид во базите на податоци со кои располага, при што констатираше дека ________________ и ___________________ во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на избор, односно престанок на функцијата не поднеле Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата, со што постапиле спротивно на одредбите од член 82 став 1 и став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и сториле прекршок казнив по член 109 став 1 алинеја 1 и алинеја 2 од истиот закон.

Во врска со тоа ДКСК изготви записници за констатиран прекршок бр.08-1759/3 и бр. 08-1759/5 од 04.05.2026 година и прекршочни платни налози бр.08-1759/4 и бр.08-1759/6 од 04.05.2026 година и истите ги достави до ______________ и ________________________.

Истите ги платија наведените глоби во рок од 8 дена од приемот на прекршочниот платен налог.

И после уплатената глоба лицето ________________ нема поднесено изјава за имотна состојба и интереси до ДКСК.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА Скопје Shkup KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Republika e Maqedonisë së Veriut

Претседател

Адем Чучуљ

Изработил: Е.П., советник
Контролирал: м-р Н.Т.-М., раководител на одделение
Согласен: К.З., раководител на сектор